Врз основа на член 21 од Статутот на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација-Бања Банско и Решението бр. 05-36/3 од 01.02.2021год. за усвојување на рамковниот број за јавни набавки за 2021 година, а во врска со член 77 точка 2 и 3 од Законот за јавни набавки (Сл. весник на Р.С.М бр. 24/2019,64/19), Директорот на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација-Бања Банско ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за набавка на услуги - поставување на бетонски таложник и цевки за септичка јама**

**1.** За потребите на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација-Бања Банско да се изврши набавка на **поставување на бетонски таложник и цевки за септичка јама** за период од (1) една година.

**2.** Средствата потребни за извршување на набавката да не изнесуваат повеќе од 100.000 денари со вклучен ДДВ **(**на сметка 603, програма 42, расходна ставка 424 ) и 75.000 денари со вклучен ДДВ **(**на сметка 787, програма 42, расходна ставка 424 ) **или вкупно 175.000 денари без ДДВ** и истите се обезбедуваат од Министерството за труд и социјална политика **бр. 05-19/440 од 30.06.2021 година.**

**3. Набавката да се спроведе во постапка со преговарање без објавување на оглас поради крајна итност** , во хартиена форма и завршува кај договрниот орган по крајот на преговорите, а во согласност со член 55 став 1, точка г) од Законот за јавни набавки.

**4.** Комисија за јавни набавки во состав:
- Розита Манчева - Претседател;
- Тања Божијанова - член
- Елена Атанасова - член

Заменици:
- Орхидеја Ефтимова
- Петранка Ризова Василева
- Македонка Влахова

**5**. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

**6.** По еден примерок од оваа одлука да се достави до архива и Комисија за јавни набавки.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско има потреба да спроведе постапка со преговарање без објавување на оглас од крајна итност, за кое спроведување побара мислење од БЈН.

БЈН врз основа на изнесените факти од наша страна, даде позитивно мислење со арх. бр. 18-802/2 од 24.06.2021 за спроведување на постапката.

Причините за барање за спроведување на ваквата постапка се следните:

Бидејќи установата е сместена во с.Баница каде нема канализациона мрежа, Установата користи сопствена септичка јама, најсовремено изградена од 1995г. До пред неколку дена со повремено чистење, таа функционираше добро. Но деновиве се случи рушење на првата јама(таложник) и се отвори голема дупка, со што се притиснати цевките и поради тоа не функционира.

За да не дојде до излевање на фекалиите потребно е што е можно побрзо да се изврши санирање на колекторот, односно да се сруши постоечкиот таложник, да се постави нов таложник и да се поврзат цевките од фекалната канализација во новиот таложник. На тој начин ќе се реши настаниот проблем, кој е од голема хитност за установата.

Предмет бр. 07 /2021

*Доставено до:*
-Архива
-Комисија за јавни набавки

Директор
Дипл.дефектолог Стојанка Изова

______________________________